Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање
-Државен инспекторат за животна средина-

Министерство за животна средина и просторно планирање-Државен инспекторат за животна средина преку виш водостопански инспектор Виолета А. Ѓорѓиева, со службена легитимација рег. бр.06-0024 од 25.01.2024год., изврши вонреден инспекциски надзор над субјектот на инспекциски надзор Друштво за трговија и производство Макпрогрес доо Виница со седиште на ул.„Војдан Чернодрински" бр.8 Виница и со Записник број ип1 31-371 од 21.05.2025 година, ја утврди фактичката состојба и врз основа на член 83 став 1 од Закон за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 102/2019,272/24,22/25), а во врска со примена на одредбите од Закон за води, го донесе следното

# РЕШЕНИЕ

1) Се Опоменува субјектот на надзор Друштво за трговија и производство Макпрогрес доо Виница , да ги отстрани утврдените со записник недостатоци и неправилности, и тоа: Да прибави позитивна согласност и мислење од сите субјекти кои се иматели на постојни градби, и да ги превземе сите неопходни заштитни мерки и активности кои се потребни за заштита на дел од водостопанската инфраструктура.

2) Рокот за извршување на изречената инспекциска мерка од точка 1 на ова решение, изнесува 30 (триесет) дена од приемот на решението.

3) Субјектот на инспекциски надзор од точка 1 на ова решение, е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциската мерка, а најдоцна во рок од три дена, писмено и/или по електронска пошта, да го извести инспекторот дали е извршена инспекциската мерка.

4) ~~Се задолжува субјектот на инспекциски надзор од точка 1 на ова решение, во рок од 15 дена да ги надомести трошоците за вршење на инспекцискиот надзор, во износ од __________денари, на жиро сметка број ______________________.~~

5) Жалбата изјавена против ова решение, не го одлага неговото извршување

## Образложение

Министерство за животна средина и просторно планирање-Државен инспекторат за животна средина врз основа на член 230 став 1 алинеја 31 од Закон за води (Сл. весник на РМ" бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16 и „Службен весник на РСМ бр. 151/21,3/25), преку виш водостопански инспектор Виолета А.Ѓорѓиева, со службена легитимација рег. бр.06-0024 од 25.01.2024 год. изврши вонреден инспекциски надзор над субјектот на инспекциски надзор, состави Записник број ип1 31-371 од 21.05.2025 година, во кој се констатирани наоди за утврдена фактичка состојба:

Врз основа на налог 02-579/2 издаден за оформен предмет во инспекторатот под бр.31-579/1 од 09.05.2025 год. во кое се бара превземање на законски дејствија заради заштита на дел од постојна инфраструктура која е изведена подземно и е лоцирана на дел од КП 3950 КО Виница.

По однос на наводите во преставката на ден 21.05.2025 год. се изврши теренски увид на посочената локација во присуство на претставник на АД Водостопанство подружница Брегалница – Кочани, претставник од општина Виница и претставник на субјектот на надзор.

Во оваа фаза е утврдено дека на КП 3950 КО Виница има лоцирано дел од постојна водостопанска инфраструктура кој е од затворен тип, каде моментално е празна, не е под притисок и низ истата не се испорачува вода кон корисниците.

Катастарската парцела е во сопственост на субјектот на надзор, каде сопственикот ја има наменета за управување со отпад односно на конкретната катастарска парцела има поставено времен објект, парцелата е уредена, асфалтирана и се користи за складирање на отпад добиен од производниот процес на фабриката, која е лоцирана во непосредна близина.

При теренскиот увид прибавена е следната документација:

- Потврда под бр.11-2/41 од 21.05.2025 год издадена од општина Виница
- Имотен лист број 5906 за КО Виница издаден од Агенција за катастар на недвижностите под бр.1105-1656/2025 од 21.05.2025 год.

Констатација од извршениот увид: Видно од извршените запишувања, поставениот времен објект не е евидентиран во јавните книги за упис на недвижностите, а земјиштето е со земјоделска намена. Од наведеното, а и од фактот што при надзорот не е доставен доказ кога се вршени градежните активности и не е извршена заштита на постојната водостопанска инфраструктура, се опомени субјектот да прибави позитивна согласност и мислење од сите субјекти кои се иматели на постојни градби, а се во непосредна близина или се во колизија со веќе изведениот комплекс .

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА

Против ова решение незадоволната странка може да изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, во рок од 15 (петнаесет) дена од приемот на решението.

Решено во Државен инспекторат за животна средина под број бр. Ип1 31-371 од 26.05.2025 година

Виш водостопански инспектор
Виолета А.Ѓорѓиева д.г.и.
рег.бр.06-0024 од 25.01.2024 год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА - INSPEKTORATI SHTETËROR I MJEDISIT JETESOR
XXIV
СКОПЈЕ-SHKUP